Уп. Бр.08-53/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје, Ул.50-та Дивизија бр.24 а Скопје, преку адвокат Никола Лазаров од Скопје на седницата одржана на ден 12.04.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на контрола од ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје, Ул.50-та Дивизија бр.24 а Скопје, над Ројал Игл ДОО Скопје, ул Прашка бр.23 Скопје, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 14.03.2023 година, а дополнета на 23.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје, Ул.50-та Дивизија бр.24 а Скопје, со која ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје ќе стекне контрола врз Ројал Игл ДОО Скопје, ул Прашка бр.23 Скопје, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната

и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје** е со претежна дејност поврзана со игри на среќа, односно изнајмување и давање под закуп (лизинг) на машини опрема и материјални добра во областа на игри на среќа и забавни игри. Таа е дел од Новоматик групацијата. Новоматик групацијата е групација на друштва на игри на среќа и забавни игри. Новоматик групацијата произведува и продава технологија и опрема за игри на среќа и забавни игри и раководи со голем број објекти за игри на среќа забавни игри, објекти за обложување (на пр.казина, спортски обложувалници, автомат клубови), овозможува онлајн (интернет) и мобилни игри на среќа и забавни игри како и услуги на обложување.

ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје е во 100% сопственост на Новоматик АГ Австрија. Новоматик АГ има едно поврзано друштво во Република Северна Македонија и тоа МАКОТЕН ДООЕЛ Гевгелија, се седиште на граничен премин Богородица бр.13, Хотел Фламинго Богородица Гевгелија и со дејност на коцкање и обложување, односно организира и приредува хотелски услуги и игри на среќа.

ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје има две фирми ќерки во Република Северна Македонија и тоа:

МА ГАМИНГ ДООЕЛ Скопје со седиште на Ул.50-та Дивизија бр.24 а Скопје и со дејност на коцкање и обложување, односно дејност на автомат клуб и

МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје со седиште на бул.3-та Македонска бригада бр.66 А, кат 3 Скопје, со дејност на коцкање и обложување односно дејност на автомат клуб.

**Ројал Игл ДОО Скопје** е со претежна дејност на коцкање и обложување, во моментот не е активно.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**